**З А П И С Н И К**
**од Педесет и втората седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 30.1.2018 година**

**Скопје, февруари 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и втората седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 30.1.2018 година**

Седницата започна во 12:50 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Рената Дескоска, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска, министер без ресор задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и Генералниот секретар на Владата на Република Македонија д-р Драги Рашковски и заменикот на Генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда и Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Мухамед Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи и Надежда Ѓоревска, државен правобранител за подрачје Струга (в.к.в).
Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

## А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) Гости

1. Информација за преземање на активности за објавување на оглас за давање во закуп на недвижни ствари за извршување на угостителски услуги во бифињата во министерствата и органите на државната управа, со Предлог-одлуки

2. Предлог-одлука за давање на трајно користење движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија

3. Програма за работа на ЈП „Македонски шуми“ за 2018 година

4. Годишната инвестициона програма за 2018 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ П.О. - Скопје, со Предлог-одлука

5. Информација за можноста за распределба на преостанатите нераспоредени лица од проектот „Вработување на 1600 лица од категории на социјално загрозени граѓани“

6. Предлог-програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2018 година

7. Годишна програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот -Скопје во 2018 година и Годишен финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот - Скопје за 2018 година, со Предлог-одлуки

8. Годишна програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2018 година, со Предлог-одлука

9. Предлог-стратешки план за работа на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот 2018-2020 година

10. Информација со Предлог-одлука за продажба на движни ствари - патнички моторни возила

11. Годишна програма со Финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2018 година, со Предлог-одлука

12. Годишен план на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2018 година, со Табеларен преглед на Оперативниот план на активности на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2018 година

13. Информација за Годишна програма за работа и Годишен финансиски план за 2018 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог-одлуки

14. Предлог-програма за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2018 година

15. Предлог-одлука за формирање на Совет за борба против перење пари и финансирање на тероризам

16. Предлог-програма за работа на Институтот за акредитација на Република Македонија за 2018 година

17. Предлог-програма за статистички истражувања за периодот 2018-2022 година

18. Финансиски план на Фондот за осигурување на депозити за 2018 година, со Предлог-одлука

19. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје

20. Барање за одобрување на парични средства за усогласување на платата согласно Законот за административни службеници

21. Предлог-акциски план за воспоставување на електронски систем за размена на потребната документација за потребите на даноците на имот и финансиското работење на општините

22. Барање од Општина Македонски Брод во врска со потребата од доделување на нафта и нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати за потребите на СОУ „Св.Наум Охридски“ и Ученичкиот дом, со Предлог-одлука

23. Информација за отстапување на нафта и нафтени деривати за потребите на ЈСП - Скопје, со Предлог-одлука

24. Предлог-програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2018 година, со План за динамика за реализација на активностите од Програмата

25. Информација за потребата од прием на осумдесет лица во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје

26. Предлог-програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2018 година

27. Бизнис план на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници-Скопје за 2018 година, со Предлог-одлука

28. Информација за прогресот на активностите за ремонт на железничката пруга Ногаевци (Велешко)-Градско-Неготино, за период 1.1.2017 - 30.6.2017 година

29. Годишна програма за работа и развој на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје за 2018 година, со Предлог-одлука

30. Ценовник за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од Регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“ кон корисниците на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ - Кичево, со Предлог-одлука

31. Информација за Правилник за дополнување на Правилникот за начинот на издавање на сертификатот за безбедност, формата и содржината на образецот на барањето за издавање на сертификатот, образецот на сертификатот за безбедност и висината на трошоците во постапката за издавање на сертификатот за безбедност, со Предлог-одлука

32. Информација за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ - Скопје со барање за финансиски средства за 2018 година, со Предлог-одлука за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ - Скопје, Предлог-одлука за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ - Скопје, Предлог-одлука за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ - Скопје и Изјава за преземање на нов влог

33. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за управување со одземен имот

34. Предлог-одлука за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Министерство за труд и социјална политика

35. Информација за давање на водни пумпи на трајно користење на Општина Новаци и предлог за нивно понатамошно управување, со Предлог-одлука

36. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2018 година

37. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2018 година

38. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности У.БР.625/16

39. Информација за Годишниот акциски план за спроведување на Националната стратегија за развој на интегрираното гранично управување за 2018 година, со Годишен акциски план

40. Барање согласност за продажба на движни ствари, со Предлог-одлуки

41. Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука

42. Информација за обезбедување на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува лиценца за собирање и/или транспортирање на отпад на движни ствари - опрема, кои се дотраени, неупотребливи и технолошко застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, со Предлог-одлука

**б) Економски систем и тековна економска политика**

43. Предлог-закон за изменување на Законот за превоз во патниот сообраќај

44. Информација во врска со ажурирањето на Акцискиот план за проектот: Обнова на возен парк на Македонски железници Транспорт АД-Скопје (набавка на 150 товарни вагони, четири дизел-моторни гарнитури и два електро-моторни гарнитури), за период 1.1-30.6.2017 година, со Акциски план

45. Информација за ажурирање на Акцискиот план за проектот „Енергетска ефикасност-рехабилитација на работилниците за одржување на железнички возила“, за период 1.1.-30.6.2017 година, со ажуриран Акциски план

46. Информација за изградба на нова и реконструкција на постојната железничка делница Бељаковце-Крива Паланка, железнички Коридор 8, фаза 2, за период 1.1-30.6.2017 година

47. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со Предлог-одлуки

48. Информација од Работната група за разгледување на проблемите со кои се соочува Општина Пласница

49. Енергетски биланс на Република Македонија за 2018 година, со Предлог-одлука

50. Предлог-програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи

51. Информација за позиција на Република Македонија по иницијативите во врска со работната програма на Светската трговска организација за електронска трговија

52. Информација во врска со исплата по правосилна пресуда П4-217/15 на Основен суд Струга и пресуда ГЖ-1898/16 на Апелационен суд Битола

53. Предлог-национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2018-2022 година

54. Предлог-уредба за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година

55. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А1-домување во станбени куќи КО Средно Коњари, Општина Петровец, со Предлог-одлука

56. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г3-сервиси КО Битола, општина Битола, со Предлог-одлука

57. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Породин, Општина Битола, со Предлог-одлука

58. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

59. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Добри Дол, општина Сопиште, со Предлог-одлука

60. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Д. Соње-вон г.р., Општина Сопиште, со Предлог-одлука

61. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Мирковци, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

62. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за МХЕЦ Тополка со реф.бр.315 и придружни објекти КО Д Јаболчиште, Општина Чашка, со Предлог-одлука

63. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Грдовци за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Грдовци, општина Кочани, со Предлог-одлука

64. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Трубарево, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука

65. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б5-хотелски комплекс КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

66. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Штип-вон г.р., општина Штип, со Предлог-одлука

67. Информација за Вториот двогодишен извештај за климатски промени

68. Информација за донесување на Стратегија за секторот животна средина и климатски промени до 2020, со текст на Стратегија

**в) Политички систем**

69. Предлог-законот за ратификација на измените и дополнувањата на Конвенцијата за меѓународен железнички превоз (КОТИФ) од 9 мај 1980 година содржана во Протоколот од 3 јуни 1999 година (Протокол донесен во Вилнус)

70. Предлог-закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на туризмот

71. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2017/2074 од 13 ноември 2017 година за рестриктивните мерки во однос на состојбата во Венецуела, со Предлог-одлука

72. Информација за воведување на рестриктивните мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/1338 на Советот од 17 јули 2017 година за изменување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, со Предлог-одлука

73. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 на Советот од 20 септември 2016 година за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив и за укинување на Заеднички став 2002/402/ЗНБП и Одлуката (ЗНБП) 2017/1560 на Советот од 14 септември 2017 година за изменување на Одлука (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив, со Предлог-одлука

74. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/1935 на Советот од 23 октомври 2017 година за изменување на Одлука 2010/573/ЗНБП во однос на рестриктивни мерки против раководството на Транснистрискиот регион во Република Молдавија, со Предлог-одлука

75. Извештај за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на Министри на Босна и Херцеговина за условите за патување на државјаните на двете земји, со усогласен текст на Спогодбата на македонски и на англиски јазик

76. Информација за примена на Законот за медијација

77. Информација за правосилност на една одлука на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Вера Зенделска против Република Македонија, со Предлог-одлука

78. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на три предмети пред Европскиот суд за човекови права Џеладин против Република Македонија, А.бр.43440/15, Абединов против Република Македонија А.бр.44027/16 и Зекиров против Република Македонија А.бр.16460/17

79. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Арсовска против Република Македонија, А.бр.2107/15 пред Европскиот суд за човекови права

80. Информација за можноста и условите за спогодбено решавање на шест предмети (Јован Ќатоски против Република Македонија, А бр.6214/15, Василка Радовиќ против Република Македонија А. бр.11640/16, Вангел Ушлиновски против Република Македонија А.бр.35242/16, Благоја Миленковски против Република Македонија А.бр.51787/16, Лилјана Димитриева и други против Република Македонија А.бр.25338/17, Николче Мушаревски против Република Македонија А.бр.33783/17) пред Европскиот суд за човекови права против Република Македонија

81. Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на договор помеѓу Република Македонија и Република Казахстан за екстрадиција, со Нацрт-текст на Договор

82. Информација за можноста за стаж на национални судии/правници во Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП)

83. Информација за потпишување на Протокол за употреба на заеднички корпус на толкувачи за миграција и азил меѓу Министерство за внатрешни работи на Република Албанија, Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, Министерство за внатрешни работи на Република Босна и Херцеговина, Министерство за внатрешни работи на Република Србија, Министерство за внатрешни работи на Република Црна Гора, Министерство за внатрешни работи на Косово и Регионалниот центар на МАРРИ, со усогласен текст на Протоколот

**г) Човечки ресурски и одржлив развој**

84. Предлог-закон за престанување на важењето на Законот за поддршка на домашната музичка продукција

85. Информација за прогресот на Националната стратегија за превенцијата на орални заболувања кај деца од 0-14 години

86. Информација за реализација на проектот „Реконструкција и адаптација на Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања - Отешево“, со Акциски план

87. Информација за прогрес на активностите во процесот на изработка на Стратегијата за паметна специјализација за истражување и иновации (РИС3)

88. Информација за доделување на стипендии за странски државјани кои се од интерес за Република Македонија

89. Информација за процесот на реализација на активностите од Рамковниот договор за „Техничка помош за подготовка на сеопфатна Стратегија за образование 2016-2020“, во рамки на Оперативната програма Развој на човечки ресурси 2007-2013, со Нацрт-стратегија за образованието за 2018-2025 година и Акциски план

90. Информација по доставено барање за одобрение за основање приватна установа за деца - Детска градинка „Аља“ - Тетово, со Предлог-одлука

91. Информација по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица на ул.29 бр.12 с. Сопиште-Скопје, КП 850/3 и КП 850/5 КО Сопиште - Општина Сопиште, со Предлог-одлука

92. Информација по доставено барање за одобрение за основање на Центар за социјална рехабилитација на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прекурзори во с. Баница - Струмица, со Предлог-одлука

93. Информација за ревидиран Акциски план за вработување на млади 2016-2020 година

94. Информација за имплементација на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020, со Извештај за реализација на активности за имплементација на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020 и Матрица на активности за период 2013-2017 година

95. Информација за одржана средба помеѓу делегации на Република Македонија и Република Србија за примена на Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за социјално осигурување

96. Информација за Планот за имплементација на Гаранција за млади (прва фаза 2018-2019 година)

**Б. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) Економски систем и тековна економска политика**

97. Предлог-одлука за за изменување на Одлуката за висината на надоместокот за издавање на контролните марки за означување на брашно

98. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за трговија и услуги „СИТИ КЛУБ“ ДООЕЛ - Кочани во деловната просторија која се наоѓа на ул. „Димитар Влахов“ бр.11 во Кочани

99. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ - Скопје во деловната просторија која се наоѓа на ул. „Св. Климент Охридски“ бб во Охрид

100. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за изградба на автопат „А2, делница Кичево-Охрид, подделница Подвис-Пресека од км. 10+424,89 до км. 22+426,05 и подделница Пресека-Песочани од км 22+426,05 до км 33+744,67“ на минерална суровина - дијабаз на локалитетот „Врбјани“, општина Дебарца

101. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас $CO_2$ на локалитетот кај с.Брод и с.Бач, општина Новаци

102. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за изградба на автопат „А2, делница Кичево-Охрид, подделница Песочани - Требеништа од стационажа км. 33+744,67 (0+000,00) до км. 46+443,39 (12+698,39)“ на минерална суровина - варовник на локалитетот „Ново Село“, општина Дебарца

103. Информација во врска со Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за транспорт и трговија Фивла транспорт ДООЕЛ-Скопје на локалитетот „Долно Лисиче“, општина Аеродром бр.24-3524/4 од 2.6.2015 година и Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за транспорт и трговија Фивла транспорт ДООЕЛ-Скопје на локалитетот „Долно Лисиче 2“, општина Аеродром бр.24-3521/4 од 2.6.2015 година, со Предлог-одлуки

**б) Политички систем**

104. Барање на Саимир Дхамо, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

105. Барање на Џино Гуацини, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) Човечки ресурски и одржлив развој**

106. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ - Штип

107. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот студенски дом „Пелагонија“ - Скопје

108. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот студенски дом „Никола Карев“ - Охрид

109. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот студентски дом „Н.Х Орде Чопела” - Прилеп

110. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ - Битола

111. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот студентски дом „Скопје” - Скопје

112. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија

113. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија

114. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ - Скопје

115. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Медицинскиот симулациски центар - Скопје

116. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа - Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје

117. Предлог-одлука за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението на филигранисти на Македонија - Скопје

118. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Националната установа Театар за деца и младинци - Скопје

**г) Предлози по кои владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

119. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за ловството поднесен од пратениците Емил Димитриев, Нола Исмајловска Старова и Крсто Муковски

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

120. Иницијатива од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.151/17 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 43 став 1 во делот: „осум“ и „пократок“ и член 44 во делот „40“ од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15 и 53/16)

121. Иницијатива поднесена од Оливер Давидовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.152/2017 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 43 став 2 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2016)

122. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 116 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“, бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016 и 132/2016), поднесена од Здравко Тумбовски од Радовиш

123. Иницијатива поднесена од Асоцијацијата на кабелски оператори АКО-СИЗ - Скопје и Стопанската интересна заедница на оператори на кабелска мрежа МК НЕТ - Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.143/2017 за поведување постапка за

оценување на уставноста на одредби од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15 и 39/16)

124. Иницијатива поднесена од Панче Смилев од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста на член 67 став 2 и член 70 став 2 од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15)

125. Решение на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.135/2016 донесено на седницата одржана на 16 ноември 2017 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2016 и 142/2016)

126. Понуда од нотар Олга Димовска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 67288 за КО Маџари на КП бр. 1051

127. Понуда од нотар Весна Паунова за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1653 за КО Инџиково на КП бр. 356/5

128. Понуда од нотар Јадранка Коцевска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.569 за КО Амзабегово на КП бр.905

129. Понуда од нотар Ирфан Тахири за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2285 за КО Инџиково на КП бр. 107

130. Понуда од нотар Махир Зибери, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93849 за КО Чаир на КП бр.1190, Имотен лист бр. 93975 за КО Чаир на КП 1187 и Имотен лист бр.15037 за КО Чаир на КП 1193

131. Понуда од нотар Искра Кировска од Штип продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.5050 за КО Штип 3 на КП бр.5550

132. Понуда од нотар Љиљана Трповска од Тетово продажба на сосопственички дел од недвижен имот со Имотен лист бр.101316 за КО Тетово- 3 на КП бр.13676

133. Понуда од Нотар Олга Димовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.29132 за КО Карпош на КП бр.1568

**В. ДРУГИ ПРЕДЛОЗИ**

134. Табела со материјали за кои е побарано мислење и кои не се процесирани во владина постапка поради докомплетирање

135. Кадровски прашања

136. Прашања и предлози

**Г. ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

137. Извештај за работата на ЈП ХС „Злетовица“ - Пробиштип, за периодот од 1.4.2017 година до 30.6.2017 година

138. Извештај за работата на ЈП ХС „Злетовица“ - Пробиштип, за периодот од 1.7.2017 година до 30.9.2017 година

139. Годишен план за 2018 година за работа на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост

140. Финансиски план на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост за 2018 година

141. Годишна инвестициона програма на АД „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост за 2018 година

142. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер - Сметка на основен буџет (637)

143. Годишна програма за работа на Институтот за стандардизација на Република Македонија за 2018 година

144. Годишна програма програма за работа на Државен девизен инспекторат за 2018 година

145. Годишна програма со Финансиски план за користење на средства за 2018 година кои произлегуваат од Буџетот на Република Македонија

146. Информација во врска со Финансиски план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година, донесен од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје бр. 02-314/4-2 од 5.1.2018 година

147. Информација за состојбата на дрвната маса која се користи за огрев од домаќинствата во Република Македонија, во однос на процентот на влажност

148. План за постепено постигнување на стандардот од 20% влажност на дрвната маса која се користи за огрев од домаќинствата во Република Македонија

149. Информација со Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ - Скопје за 2018 година

150. Информација за вкупен одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот за октомври 2017 година

151. Информација за активностите на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам поврзани со целите на Планот 3-6-9

152. Информација во врска со реализација на активностите (постапување по исходите) кои произлегуваат од Акцискиот план за вработување на млади лица 2016-2020 година

153. Годишен финансиски план на расходи по квартали за 2018 година, Квартален финансиски план на расходи по месеци за квартал М1/М3 за 2018 година и Годишна програма за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2018 година

154. Програма за работа на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за 2018 година

155. Информацијата за извршените контроли кај приредувачите на игри на среќа - спортски обложувалници во смисла на издавање на фискални сметки и поседување на лиценци, за период од 1.7.2017-30.9.2017 година

156. Информација за начинот на функционирање на порталот „Портал - пресуди од даночни и царински спорови“ со статистички податоци за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот

157. Информација за спроведување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост и реализација на Програмата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост

158. Информација за прогрес за реализација на проектот „Консолидација на земјоделското земјиште“ за четвртиот квартал од 2017 година

159. Информација за прогрес за реализација на проектот „Решавање на проблемот со недовршените постапки на арондација од минатото“

160. Информација за прогрес на активностите во врска со отворањето на заедничкиот нов граничен премин наменет за меѓународен патен сообраќај меѓу Република Македонија и Република Косово „Белановце - Станчиќ“

161. Информација за прогрес на имплементација на проектот „Еден клик“ (за периодот септември- декември 2017 година)

162. Информација за прогрес на активности во врска со проектот „Творечки субвенции“ (за период јуни-декември 2017 година)

163. Информација за користењето на лабораториите од страна на стопанството

164. Информација за реализација на проектот „Развој на центри за рехабилитациона медицина”

165. Информација за изградба на центар за деца со аутизам во Скопје

166. Информација за изготвени извештаи за примената на ратификуваните конвенции на Меѓународната организација на трудот, со прилог извештаи

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

167. Информација со Предлог-одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, за изработка на геодетски елаборат за специјална намена - ажурирана геодетска подлога за урбанистичко проектна документација, проект за инфраструктура за измена и дополна на проект за инфраструктура за автопатско решение на делницата од европски коридор 10: Демир Капија - Смоквица, како дел од магистралниот пат М-1 (Е-75) од км 0+000 до км 28+180

168. Информација за TESTA - ng мрежата на Европската комисија и последици од исклучување на Република Македонија од „Tachonet“ апликацијата и TESTA - ng мрежата

169. Предлог-програма за користење на средства за изградба на спомен - обележјето Плоштад Скендербег во Скопје, за 2018 година

170. Информација за содржината на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2018 година, со Предлог-одлука и нов текст на Програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2018 година

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>**Точка 1**</u>

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за преземање на активности за објавување на оглас за давање во закуп на недвижни ствари за извршување на угостителски услуги во бифињата во министерствата и органите на државната управа, со Предлог-одлуки, го усвои и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (бифе во објектот на Министерство за локална самоуправа на ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, кат 2, со површина од 10,50 м2).

2. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (бифе во објектот на Државен завод за статистика ул. „Даме Груев“ бр.4, со површина од 16,14 м2).

3. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (бифе во објектот на Министерство за надворешни работи, на ул. „Филип Втори Македонски“ бр. 7, со површина од 339,10 м2).

4. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (бифе во објектот на Министерство за информатичко општество и администрација на ул. „Свети Кирил и Методиј“ бр.54, приземје, со површина од 9,00 м2).

5. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (бифе во објектот на Министерство за труд и социјална политика на ул. „Даме Груев“ бр.14-А, подрум со површина од 94,76 м2).

6. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (бифе во објектот на Секретаријат за европски прашања на „Кеј Димитар Влахов“ бр.4, кат 4 со површина од 8 м2).

7. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (бифе во Центар за управување со кризи на ул. „Димче Мирчев“ бр .9 со површина од 7 м2).

8. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (бифе во објектот на Државна изборна комисија, на ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, кат 4, со површина од 4,80 м2).

9. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (бифе во објектот на Министерството за економија на ул. „Јуриј Гагарин“ бр.15, кат 2, со површина од 11,10м2).

10. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (бифе во објектот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, на ул „Аминта Трети“ бр.2, со површина 69,14 м2).

11. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (бифе во објектот на Агенција за лекови и медицински средства на ул.„Св. Кирил и Методиј“ бр.54, кат 1, со површина од 24 м2).

12. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (бифе во објектот на Министерство за животна средина и просторно планирање, на „Кеј Димитар Влахов“ бб, кат 10, со површина од 13,65 м2).

13. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (бифе во објектот на Министресво за транспорт и врски, на ул. „Даме Груев“ бр. 6, со 54,52 м2).

14. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (бифе во

објектот на Министерството за правда на ул. „Вељко Влаховиќ“ бб, со површина од 54,58 м2).

15. Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (бифе во објектот на Министерство за култура на ул.„Ѓуро Ѓаковиќ“ бр.61, со површина од 90,29 м2), во предложените текстови.

Истовремено, Владата ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија веднаш да отпочне постапка за објавување на оглас за давање во закуп на недвижни ствари за извршување на угостителски услуги во бифињата во министерствата и органите на државната управа и во бифето во објектот на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

<u>Точка 2</u>

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење движни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

<u>Точка 3</u>

Владата ја разгледа Програмата за работа на ЈП „Македонски шуми“ за 2018 година, со дополнувањето кон неа, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува ЈП „Македонски шуми“, во соработка со Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, во рок од три (3) месеци до Владата да подготват и достават конкретна анализа за трошоците, мерките и потребните финансиски средства за FSC сертификацијата.

2. Се дава одобрение на реализацијата на планираните нови вработувања, исклучиво само за производствениот процес во првите шест месеци од следната година, а за останатите, во зависност од реализацијата на најмалку 85% на полугодишниот план, согласно Програмата за работа на ЈП „Македонски шуми“ за 2018 година.

<u>Точка 4</u>

Владата по Годишната инвестициона програма за 2018 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - П.О. - Скопје го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2018 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - П.О - Скопје, во предложениот текст.

<u>Точка 5</u>

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за распределба на преостанатите нераспоредени лица од проектот „Вработување на 1600 лица од категории на социјално загрозени граѓани“, како материјал за информирање.

Истовремено Владата заклучи:

1. Се задолжуваат институциите за преземање на лицата за кои не е отпочната, односно не е довршена постапката за преземање во рок од пет дена да ги започнат постапките, со тоа што претходно да се изврши проверка на статусот на невработеност за секое лице.

Постапките за преземање да се завршат до 31.3.2018 година.

2. Се задолжува Агенцијата за вработување на Република Македонија да изврши проверка на преостанатите нераспоредени лица од проектот „Вработување на 1600 лица од категории на социјално загрозени граѓани за тоа дали тие лица во меѓувреме имаат засновано работен однос и за истото да достави информација до Владата, во рок од 15 дена.
3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја информира Владата дали овие лица се во Република Македонија или надвор од неа, согласно содржината на информацијата.

**<u>Точка 6</u>**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2018 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 7</u>**

Владата по Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот - Скопје во 2018 година и Годишниот Финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот - Скопје за 2018 година, со дополнувањата кон нив и Предлог-одлуки ги донесе новите текстови на:
1. Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работење на Агенцијата за планирање на просторот - Скопје во 2018 година, во предложениот текст и
2. Одлуката за давање согласност на Годишниот Финансиски план на Агенцијата за планирање на просторот - Скопје за 2018 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 8</u>**

Владата ја разгледа Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2018 година (нов текст) и ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за реализација на Стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2018 година.

**<u>Точка 9</u>**

Владата го донесе најновиот текст на Стратешкиот план за работа на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот 2018 - 2020 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 10</u>**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за продажба на движни ствари - патнички моторни возила (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата по новиот текст на Годишната програма со Финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2018 година, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Годишната програма со Финансиски план за 2018 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во предложениот текст.

Истовремено, Владата ја задолжи Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во однос на потребите од кадровско доекипирање да ја разгледа можноста од пополнување на потребните работни места по пат на преземање на лица од други буџетски корисници.

Исто така се задолжува Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони во рок од 30 дена да подготви и до Владата да достави информација со споредбена анализа за работењето во 2017 година и 2018 година, и притоа да ги раздели трошоците (трошоци за тековно работење и трошоци за инвестиции).

**Точка 12**

Владата го усвои новиот текст на Годишниот план на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2018 година, со Табеларен преглед на Оперативниот план на активности на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во 2018 година, со заклучок предвидените активности да се реализираат во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, Раздел 05.002 - Дирекција за безбедност на класифицирани информации, а евентуалните потреби од зајакнување на кадровскиот капацитет да се обезбедат по пат на преземање на лица од останатите органи на државна управа, согласно Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишна програма за работа и Годишен финансиски план за 2018 година на Фондот за иновации и технолошки развој, со Предлог-одлуки, ја усвои и ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа на Фондот за иновации и технолошки развој за 2018 година, во предложениот текст.

2. Новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишниот финансиски план на Фондот за иновации и технолошки развој за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2018 година, во предложениот текст, со заклучок Министерството за финансии-Царинска управа да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за внатрешни работи.

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Совет за борба против перење пари и финансирање на тероризам, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја донесе Програмата за работа на Институтот за акредитација на Република Македонија за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предвидените активности да се реализираат во рамките на одобрените средства со буџетот на Институтот за акредитација на Република Македонија за 2018 година, како и да се преиспита можноста потребата од институционално зајакнување да се реализира по пат на преземање на лица од други органи на државната управа.

**Точка 17**

Владата ја донесе Програмата за статистички истражувања за периодот 2018-2022 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата по Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2018 година ја донесе Одлуката за потврдување на Финансиски план на Фондот за осигурување на депозити за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за одобрување на парични средства за усогласување на платата согласно Законот за административни службеници, за некоја од наредните седници на Владата.

**Точка 21**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-акцискиот план за воспоставување на електронски систем за размена на потребната документација за потребите на даноците на имот и финансиското работење на општините, поради потребата предлагачот да се усогласи со укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии, како и да достави текст на Информација во кој ќе ги наведе причините за усвојување на предметниот Акциски план, со конкретни Предлог-заклучоци, согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство.

Предметниот материјал претходно да се разгледа на наредната седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 22**

Владата го разгледа новиот текст Барањето од Општина Македонски Брод во врска со потребата од доделување на нафта и нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати за потребите на СОУ „Св.Наум Охридски“ и Ученичкиот дом, со Предлог-одлука, го прифати Барањето и ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Општина Македонски Брод (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи СОУ „Св. Наум Охридски“ да ги плати трошоците за акциза и ДДВ за отстапените количини на нафта и нафтени деривати.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за отстапување на нафта и нафтени деривати за потребите на ЈСП - Скопје, со Предлог-одлука (најнов текст) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Град Скопје, во предложениот текст.
2.Се укажува на ЈСП - Скопје да ги надомести трошоците за акциза и ДДВ за отстапените количини на нафтени деривати.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2018 година, со План за динамика за реализација на активностите од Програмата и ја донесе Програмата за пром

оција и поддршка на туризмот за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од прием на 80 лица во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје (нов текст) и даде согласност за прием на 80 лица во ова јавно претпријатие.

Истовремено, Владата заклучи Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје да изврши прием на 80 лица откако претходно ќе преземе активности за реализација на оваа потреба преку преземање на нераспоредени лица од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор или кадри што постојат во другите институции и за истото ќе ја информира Владата.

**Точка 26**

Владата го донесе најновиот текст на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2018 година, во предложениот текст.

Истовремено, согласно Дописот од ЈП за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје, Владата го задолжи ЈП за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје заостанатите обврски што ги има кон Градежниот факултет, а се однесуваат на склучените договори за ревизија на проекти да ги исплати од сопствени средства.

## Точка 27

Владата по новиот текст на Бизнис планот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници-Скопје за 2018 година ја донесе Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма за период 2018-2020 година и Финансиската програма за 2018 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите за ремонт на железничката пруга Ногаевци (Велешко) - Градско - Неготино, за период 1.1.2017 - 30.6.2017 година и врз основа на тоа што се констатирани потешкотии и застој во реализацијата на овој проект го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во рок од 15 дена да одржи координативен состанок со Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и Јавно претпријатие Македонски Железници - Инфраструктура, изведувачот на проектот и Европската банка за обнова и развој, со цел да предложат активности и динамика за реализација на ова прашање.

## Точка 29

Владата по Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје за 2018 година, со дополнувања кон материјалот и Предлог-одлука (нов текст), ја донесе Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје за 2018 година.

## Точка 30

Владата го разгледа новиот текст на Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од Регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“ кон корисниците на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, со Предлог-одлука и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Не ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за висината на цената на сурова вода наменета за водоснабдување на населението од Регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“ кон корисниците на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево, поради тоа што Владата е против покачување на цената на водата, бидејќи тоа паѓа на сметка на крајните корисници, односно граѓаните.

2. Се препорачува на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија да ја преиспита тарифата за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на

населението на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево за регулиран период 2018-2020 година.

3. Се укажува на ЈП „Студенчица“ Кичево да достави ново барање за утврдување на тарифа за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението за регулиран период 2018-2020 година на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за Правилник за дополнување на Правилникот за начинот на издавање на сертификатот за безбедност, формата и содржината на образецот на барањето за издавање на сертификатот, образецот на сертификатот за безбедност и висината на трошоците во постапката за издавање на сертификатот за безбедност, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за дополнување на Правилникот за начинот на издавање на сертификатот за безбедност, формата и содржината на образецот на барањето за издавање на сертификатот, образецот на сертификатот за безбедност и висината на трошоците во постапката за издавање на сертификатот за безбедност, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје со барање за финансиски средства за 2018 година, со Предлог-одлука за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, Предлог-одлука за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, Предлог-одлука за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво ,,Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје и Изјава за преземање на нов влог (најнов текст) и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за финансиската состојба на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје со барање за финансиски средства за 2018 година.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на средства за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

5. Даде Изјава за преземање на нов влог, во предложениот текст.

## Точка 33

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за управување со одземен имот (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Министерство за труд и социјална политика, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на водни пумпи на трајно користење на Општина Новаци и предлог за нивно понатамошно управување, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Новаци, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Годишниот акциски план за спроведување на Националната стратегија за развој на интегрираното гранично управување за 2018 година, со Годишен акциски план, ја усвои Информацијата и го прифати Годишниот акциски план за спроведување на Националната стратегија за развој на интегрираното гранично управување за 2018 година, со заклучок:

- Делот 4.1 (Усогласување на правната рамка, во делот на изготвувањето на нов Закон за национален координативен центар за гранично управување и изменување и дополнување на Законот за гранична контрола) од Годишниот акциски план да изостане.

**Точка 40**

Владата по Барањето согласност за продажба на движни ствари, со Предлог-одлуки (нов текст), ги донесе

1. Одлуката за продажба на движна ствар (патничко моторно возило марка MERCEDES тип BENZ 190) и

2. Одлуката за продажба на движна ствар (патничко моторно возило OPEL тип OMEGA), во предложените текстови.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за обезбедување на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува лиценца за собирање и/или транспортирање на отпад на движни ствари - опрема, кои се дотраени, неупотребливи и технолошко застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за превоз во патниот сообраќај, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и м-р Ремзи Мехмеди, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереник Елена Атанасовска - Ангеловска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со ажурирањето на Акцискиот план за проектот: Обнова на возен парк на Македонски железници Транспорт АД-Скопје (набавка на 150 товарни вагони, четири дизел-моторни гарнитури и два електро-моторни гарнитури), за период 1.1-30.6.2017 година, со Акциски план, ја усвои Информацијата и го прифати изменетиот Акциски план за набавка на четири дизел-моторни и два електро-моторни гарнитури, за период 1.1-30.6.2017 година.

**Точка 45**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за ажурирање на Акцискиот план за проектот „Енергетска ефикасност-рехабилитација на работилниците за одржување на железнички возила“, за период 1.1.-30.6.2017 година, со ажуриран Акциски план, ја усвои Информацијата и го прифати ажурираниот Акциски план за реализација на проектот

„Енергетска ефикасност-рехабилитација на работилниците за одржување на железнички возила“, за период 1.1.-30.6.2017 година.

**Точка 46**

Владата ја разгледа и не ја усвои Информацијата за изградба на нова и реконструкција на постојната железничка делница Бељаковце-Крива Паланка железнички Коридор 8, фаза 2, за период 1.1-30.6.2017 година.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие Македонски Железници- Инфраструктура во рок од 30 дена до Владата да достават нов извештај за моменталната состојба на железничка делница Бељаковце-Крива Паланка железнички Коридор 8, фаза 2.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Државниот завод за статистика;

2. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Државната изборна комисија;

3. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Царинската управа;
4. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Македонска академска истражувачка мрежа;

5. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Македонски железници Транспорт АД - Скопје;

6. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за информатичко општество и администрација;

7. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за надворешни работи;

8. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за образование и наука;

9. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за труд и социјална политика;

10. Новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за правда - Управа за водење на матичните книги;

11. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Фонд за здравствено осигурување на Македонија;

12.Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи;

13. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Централниот регистар на Република Македонија;

14. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Основен суд Скопје 1-Скопје;

15. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Основен суд Скопје 2-Скопје и

16. Новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за вработување на Република Македонија, во предложените текстови.

Истовремено, се задолжува Министерството за финансии да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави информација за степенот на реализација на проектите и нивната функционалност т.е. опремата што се отстапува, согласно содржината на оваа информација.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата од Работната група за разгледување на проблемите со кои се соочува Општина Пласница и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да ја координира Работната група, согласно содржината на оваа информација.

2. Се задолжува Работната група да ја информира Владата за прогресот на активности околу решавањето на проблемите на Општина Пласница во рок од 30 дена.

**Точка 49**

Владата по новиот текст на Енергетскиот биланс на Република Македонија за 2018 година, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за донесување на Енергетскиот биланс на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за позиција на Република Македонија по иницијативите во врска со работната програма на Светската трговска организација за електронска трговија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија во текстот на Информацијата, во точка 2 - Идни активности, делот „Врз основа на резултатите од Министерската конференција на СТО која ќе се одржи во декември 2017 година...“ да го коригира и соодветно преформулира.

2. Се задолжува Министерството за економија најдоцна во рок од 5 дена по усвојување на Информацијата преку Министерството за надворешни работи да го извести надлежното тело во Светската трговска организација за позицијата на Република Македонија да се приклучи кон предлогот на Европската Унија за унапредување на работната програма за електронска трговија во Светската трговска организација.

3. Се задолжува Министерството за економија два пати годишно да ја известува Владата на Република Македонија за реализација на активностите и напредокот на иницијативите за унапредување на електронската трговијата во Светската трговска организација.

## Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата во врска со исплата по правосилна пресуда П4-217/15 на Основен суд Струга и пресуда ГЖ-1898/16 на Апелационен суд Битола и заклучи да не се депонираат средствата согласно правосилната пресуда и да се почека завршување на постапката пред Врховниот суд на Република Македонија по поднесениот вонреден правен лек - ревизија од Државното правобранителство на Република Македонија.

## Точка 53

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за период од 2018-2022 година за наредната седница на Владата.

## Точка 54

Владата ја донесе Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 55

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А1-домување во станбени куќи КО Средно Коњари, Општина Петровец, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А1-домување во станбени куќи КО Средно Коњари, Општина Петровец, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г3-сервиси КО Битола, општина Битола, со Предлог-одлука, за некоја од наредните седници.

**Точка 57**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Породин, Општина Битола, со Предлог-одлука, за некоја од наредните седници.

**Точка 58**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Добри Дол, општина Сопиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Добри Дол, Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Д. Соње-вон г.р., Општина Сопиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување КО Д. Соње-вон г.р., Општина Сопиште (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Мирковци, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Мирковци, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за МХЕЦ Тополка со реф.бр.315 и придружни објекти КО Д Јаболчиште, Општина Чашка, со нов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на линиска инфраструктурна градба за МХЕЦ Тополка со реф.бр. 315 и придружни објекти КО Д Јаболчиште, Општина Чашка, во предложениот текст.
Притоа, заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, не присуствуваше на седницата на Владата при расправата и одлучувањето по однос на овој материјал и беше изземен согласно доставеното Известување, врз основа на одредбите од член 13 од Законот за спречување на судир на интереси.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Грдовци за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Грдовци, општина Кочани, со Предлог-одлука (нов текст), и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Грдовци за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Грдовци, општина Кочани, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Трубарево, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Трубарево, Општина Гази Баба, во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б5-хотелски комплекс КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б5-хотелски комплекс КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Штип-вон г.р., општина Штип, со Предлог-одлука, ја усвои и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Штип-вон г.р., Општина Штип, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Вториот двогодишен извештај за климатски промени, ја усвои Информацијата и го усвои Вториот двогодишен извештај за климатски промени.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Стратегија за секторот животна средина и климатски промени до 2020, со текст на Стратегија и ги усвои Информацијата и Стратегијата за секторот животна средина и климатски промени до 2020, со заклучок во текстот на Стратегијата да бидат вградени сите заклучоци, препораки и мерки донесени од страна на Интерсекторската работна група за следење на состојбата со квалитетот на амбиентниот воздух и дефинирање на соодветни препораки и мерки кои треба да се преземат за подобрување на квалитетот на воздухот.

**Точка 69**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на измените и дополнувањата на Конвенцијата за меѓународен железнички превоз (КОТИФ) од 9 мај 1980 година содржана во Протоколот од 3 јуни 1999 година (Протокол донесен во Вилнус), го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Ремзи Мехмеди, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Наташа

Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи и Билјана Здравева, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

## Точка 70

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на туризмот, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, а за повереници Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи и Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија.

## Точка 71

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2017/2074 од 13 ноември 2017 година за рестриктивните мерки во однос на состојбата во Венецуела, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2017/2074 од 13 ноември 2017 година за рестриктивните мерки во однос на состојбата во Венецуела, во предложениот текст.

## Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивните мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/1338 на Советот од 17 јули 2017 година за изменување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/1338 на Советот од 17 јули 2017 година за изменување на Одлука (ЗНБП) 2015/1333 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија, во предложениот текст.

## Точка 73

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 на Советот од 20 септември 2016 година за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив и за укинување на Заеднички став 2002/402/ЗНБП и Одлуката (ЗНБП) 2017/1560 на Советот од 14 септември 2017 година за изменување на Одлука (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 на Советот од 20 септември 2016 година за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив и за укинување на Заеднички став 2002/402/ЗНБП и Одлуката (ЗНБП) 2017/1560 на Советот од 14 септември 2017 година за изменување на

Одлука (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив, во предложениот текст.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/1935 на Советот од 23 октомври 2017 година за изменување на Одлука 2010/573/ЗНБП во однос на рестриктивни мерки против раководството на Транснистрискиот регион во Република Молдавија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивна мерка согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/1935 на Советот од 23 октомври 2017 година за изменување на Одлука 2010/573/ЗНБП во однос на рестриктивни мерки против раководството на Транснистрискиот регион во Република Молдавија, во предложениот текст.

**Точка 75**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на Министри на Босна и Херцеговина за условите за патување на државјаните на двете земји, со усогласен текст на Спогодбата на македонски и на англиски јазик и го прифати со следните заклучоци:

1. Го разгледа и прифати усогласениот текст на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на Министри на Босна и Херцеговина за условите за патување на државјаните на двете земји.

Се определува м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи на Република Македонија, во име на Владата на Република Македонија да ја потпише Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на Министри на Босна и Херцеговина за условите за патување на државјаните на двете земји.

**Точка 76**

Владата го разгледа и усвои новиот текст на Информацијата за примена на Законот за медијација, со следниов заклучок:

Се задолжува Министерството за правда во рок од 3 месеци да ја информира Владата на Република Македонија за примена на Законот за медијација.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на една одлука на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Вера Зенделска против Република Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на три предмети пред Европскиот суд за човекови права Џеладин против Република

Македонија, А.бр. 43440/15, Абединов против Република Македонија А.бр. 44027/16 и Зекиров против Република Македонија А.бр. 16460/17 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Македонија за спогодбено решавање на предметите Џеладин против Република Македонија А.бр. 43440/15, Абединов против Република Македонија А.бр. 44027/16 и Зеќиров против Република Македонија А.бр. 16460/17.
2. Се овластува владиниот агент на Република Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата на апликантите Џенифер Џеладин, Муамет Абединов и Сејат Зеќиров ќе им исплати износ од по 2.500 евра (две илјади и петстотини евра) на секој поединечно, во денарска противвредност.
3. Се овластува владиниот агент на Република Македонија во случај горенаведените апликанти да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметот, пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот

## Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Арсовска против Република Македонија, А.бр.2107/15 пред Европскиот суд за човекови права и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Владиниот агент да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Македонија за пријателско решавање на предметот Арсовска против Република Македонија, А.бр.2107/15.

2. Се овластува Владиниот агент на Република Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата на апликантката Весна Арсовска ќе ѝ исплати износ од 3.700 EUR (три илјади и седумстотини евра) во денарска противвредност.

Се овластува Владиниот агент на Република Македонија во случај горенаведената апликантка да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантката да ѝ понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

## Точка 80

Владата ја разгледа Информацијата за можноста и условите за спогодбено решавање на шест предмети (Јован Ќатоски против Република Македонија, А.бр. 6214/15, Василка Радовиќ против Република Македонија А.бр. 11640/16, Вангел Ушлиновски против Република Македонија А.бр. 35242/16, Благоја Миленковски против Република Македонија А.бр. 51787/16, Лилјана Димитриева и други против Република Македонија А.бр. 25338/17, Николче Мушаревски против Република Македонија А.бр. 33783/17) пред Европскиот суд за човекови права против Република Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува Владиниот агент на Република Македонија во постапувањето пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Македонија за спогодбено решавање на следните спорови пред Европскиот суд: Јован Ќатоски против Република Македонија А. бр. 6214/15, Василка Радовиќ против Република Македонија А.бр. 11640/16, Вангел Ушлиновски против Република Македонија А.бр.35242/16, Благоја Миленковски против Република Македонија А.бр. 51787/16, Лилјана Димитриева и други против Република Македонија А.бр. 25338/17, Николче Мушаревски против Република Македонија А.бр. 33783/17.

2. Се овластува Владиниот агент на Република Македонија во постапувањето пред Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбеното решавање на споровите да ги прифати следните износи предоложени од страна на Европскиот суд за човекови права: 950 евра на Јован Ќатоски А.бр. 6214/15; 690 евра на Василка Радовиќ А.бр. 11640/16; 850 евра на Вангел Ушлиновски А.бр. 35242/16; 9,050 евра на Благоја Миленковски А.бр. 51787/16; по 1,630 евра на Лилјана Димитриева, Трајан Димитров, Илинка Манолева, Бистра Илиева, Спасо Соколов, Јован Јованов, Љупка Јованова, Геори Банов, Славчо Јованов, Ружа Лазарова, Славчо Чаев, Слободан Апостолов, Ристо Ристов, Ариф Усинов, Илија Ѓозев, Мариче Илиева, Петре Филипов, Зорка Лазарова и Љубинка Зафирова А. бр. 25338/17 и 3,500 евра на Николче Мушаревски А.бр. 33783/17, односно вкупен износ за сите шест предмети, односно 24 жалители, од 46.010 евра.

## Точка 81

Владата го разгледа Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на договор помеѓу Република Македонија и Република Казахстан за екстрадиција, со Нацрт - текст на Договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Владата го разгледа и прифати Нацрт-текстот на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Казахстан за екстрадиција, како основа за водење на преговорите.

2. Се задолжува шефот на делегацијата при водењето на преговорите да се придржува кон Уставот на Република Македонија, Европската конвенција за екстрадиција со дополнителните протоколи и домашното законодавство, како и кон ставовите дадени во насоките во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на договор помеѓу Република Македонија и Република Казахстан за екстрадиција.

3. Се овластува шефот на делегацијата на Република Македонија да го парафира текстот на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Казахстан за екстрадиција, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува делегацијата на Република Македонија по завршување на преговорите во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за завршени преговори со усогласениот, односно парафираниот текст од Договорот.

## Точка 82

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за можноста за стаж на национални судии/правници во Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), поради потребата Министерството за правда да ги обезбеди

потребните мислења и да го усогласи материјалот со Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство, Врховниот суд на Република Македонија и Судскиот совет на Република Македонија.

Предметниот материјал претходно да се разгледа на наредната седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 83

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Протокол за употреба на зеднички корпус на толкувачи за миграција и азил меѓу Министерство за внатрешни работи на Република Албанија, Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, Министерство за внатрешни работи на Република Босна и Херцеговина, Министерство за внатрешни работи на Република Србија, Министерство за внатрешни работи на Република Црна Гора, Министерство за внатрешни работи на Косово и Регионалниот центар на МАРРИ, со усогласен текст на Протоколот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот за употреба на заеднички корпус на толкувачи за миграција и азил меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Албанија, Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи на Република Босна и Херцеговина, Министерството за внатрешни работи на Република Србија, Министерството за внатрешни работи на Црна Гора, Министерството за внатрешни работи на Косово и Регионален центар на МАРРИ.

2. Се овластува министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, да го потпише Протоколот за употреба на заеднички корпус на толкувачи за миграција и азил меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Албанија, Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи на Република Босна и Херцеговина, Министерството за внатрешни работи на Република Србија, Министерството за внатрешни работи на Црна Гора, Министерството за внатрешни работи на Косово и Регионален центар на МАРРИ.

## Точка 84

Владата го разгледа Предлог-законот за престанување на важењето на Законот за поддршка на домашната музичка продукција (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Валмир Азири, државен секретар во Министерството за култура и Весна Илиевска, државен советник во Министерството за култура.

## Точка 85

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на Националната стратегија за превенцијата на орални заболувања кај деца од 0-14 години и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство, до крајот на 2018 година да ја информира Владата за постигнатите резултати од спроведувањето на десетгодишната Национална стратегија за превенцијата на орални заболувања кај деца од 0 до 14 години.

2. Се задолжува Министерството за здравство, да изработи нова Национална стратегија за превенција на оралните заболувања кај деца од 0 до 14 години за период 2018-2028 година, со нов Акциски план, за нејзино спроведување и најдоцна до 28.2.2018 година да ја достави до Владата.

## Точка 86

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „Реконструкција и адаптација на Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања - Отешево“, со Акциски план и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за реконструкција и адаптација на Заводот за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања - Отешево.

2. Се задолжува Министерството за здравство на секои шест месеци до Владата да доставува информација за прогресот на активностите од Акцискиот план, се до конечна реализација на Проектот „Реконструкција и адаптација на Заводот за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања - Отешево“.

## Точка 87

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогрес на активностите во процесот на изработка на Стратегијата за паметна специјализација за истражување и иновации (РИС3) и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да биде координатор на процесот за изработка на Стратегијата за паметна специјализација за истражување и иновации со рок на изготвување до 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, како координатор на процесот за изработка на Стратегијата за паметна специјализација за истражување и иновации во рок од 10 дена да формира работна група која ќе ја сочинуваат претставници од: Канцеларијата на претседателот на Владата, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за економија, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за локална самоуправа, Секретаријатот за европски прашања, Фондот за иновации и технолошки развој, Државниот завод за статистика, Машинскиот факултет, Факултетот за електротехника и информациски технологии и Економскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ Скопје, кои во рок од пет дена ќе номинираат претставник за член во работната група за изработка на Стратегијата за паметна специјализација за истражување и иновации.

3. Се овластува д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, во има на Владата на Република Македонија, да го потпише Писмото за намери кое треба да се достави до Заедничкиот истражувачки центар на Европската комисија, со кое се изразува заложбата на Владата на Република Македонија за почеток на процесот на креирање на национална Стратегија за паметна специјализација, најдоцна до 31.1.2018 година.

4. Се задолжува Министерството за образование и наука, како координатор на процесот во рок од 30 дена, да направи регистрација на Република Македонија на платформата за паметна специјализација.

5. Се задолжува Министерството за образование и наука, во соработка со Министерство за економија во рок од 30 дена, да аплицира преку инструментот Техничка помош за размена на информации - TAIEX (The Technical Assistance Information Exchange Office), за организација на настан за паметна специјализација, со цел да се обезбеди запознавање на клучните чинители со потребата од креирање на Стратегија за паметна специјализација за истражување и иновации, како и обезбедување обука на членовите на работната група за нивната улога и координирани активности во подготвителната фаза и при самото дизајнирање на Стратегијата за паметна специјализација за истражување и иновации.

6. Се задолжува Министерството за образование и наука, како координатор на процесот, на шестмесечна основа почнувајќи од јуни 2018 година да ја информира Владата за прогресот на активностите за изработка на Стратегијата за паметна специјализација за истражување и иновации.

**Точка 88**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за доделување на стипендии за странски државјани кои се од интерес за Република Македонија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за образование и наука, најдоцна до крајот на март 2018 година, да објави конкурс за доделување на студентски стипендии за странски државјани кои се од интерес за Република Македонија, за изучување на македонскиот јазик и писмо и/или англискиот јазик преку посета на обуки/курсеви на некој од државните универзитети во траење од неколку месеци.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за процесот на реализација на активностите од Рамковниот договор за „Техничка помош за подготовка на сеопфатна Стратегија за образование 2016 - 2020“, во рамки на Оперативната програма Развој на човечки ресурси 2007-2013, со Нацрт-стратегија за образованието за 2018-2025 година и Акциски план и имајќи ги предвид усно искажаните забелешки на Секретаријатот за законодавство, ја усвои Информацијата со следниве укажувања:

1. На страна 72 во Стратегијата со Акциски план, во мерката 1.5.1, рокот 2017 година е надминат, поради што рокот да биде само 2018 година.

2. Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија да изостанат од колоната одговорни институции, бидејќи министерствата или други соодветни институции, треба да ги преземат потребните активности, со цел извршување на

активноста и до одреден датум до Владата или Собранието, да го достават документот кој е предмет на таа активност.

3. Владата го усвои вака изменетиот текст на Стратегијата за образованието за 2018-2025 година и Акциски план.

**Точка 90**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата по доставено барање за одобрение за основање приватна установа за деца - Детска градинка „Алја“ - Тетово, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 91**

Владата, на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за социјална заштита на стари лица на ул.29 бр.12 с. Сопиште-Скопје, КП 850/3 и КП 850/5 КО Сопиште - Општина Сопиште, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 92**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата по доставено барање за одобрение за основање на Центар за социјална рехабилитација на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прекурзори во с. Баница - Струмица, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата.

**Точка 93**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за ревидиран Акциски план за вработување на млади 2016-2020 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 94**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за имплементација на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020, со Извештај за реализација на активности за имплементација на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020 и Матрица на активности за период 2013-2017 година, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 95**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за одржана средба помеѓу делегации на Република Македонија и Република Србија за примена на Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за социјално осигурување, за наредната седница на Владата, на барање на предлагачот.

**Точка 96**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за Планот за имплементација на Гаранција за млади (прва фаза 2018-2019 година), за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 97**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за висината на надоместокот за издавање на контролните марки за означување на брашно (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 98**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за трговија и услуги „СИТИ КЛУБ“ ДООЕЛ Кочани во деловната просторија која се наоѓа на ул.„Димитар Влахов“ бр.11 во Кочани, во предложениот текст.

**Точка 99**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје во деловната просторија која се наоѓа на ул. „Св. Климент Охридски“ бб во Охрид, во предложениот текст.

**Точка 100**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за изградба на автопат „А2, делница Кичево-Охрид, подделница Подвис-Пресека од км. 10+424,89 до км. 22+426,05 и подделница Пресека-Песочани од км 22+426,05 до км 33+744,67“ на минерална суровина - дијабаз на локалитетот „Врбјани“, општина Дебарца, во предложениот текст.

**Точка 101**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас СО2 на локалитетот кај с.Брод и с.Бач, општина Новаци, во предложениот текст.

**Точка 102**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за изградба на автопат „А2, делница Кичево-Охрид, подделница Песочани - Требеништа од стационажа км. 33+744,67 (0+000,00) до км. 46+443,39 (12+698,39)“ на минерална суровина - варовник на локалитетот „Ново Село“, општина Дебарца, во предложениот текст.

## Точка 103

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за транспорт и трговија Фивла транспорт ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Долно Лисиче“, општина Аеродром бр.24-3524/4 од 2.6.2015 година и Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за транспорт и трговија Фивла транспорт ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Долно Лисиче 2“, општина Аеродром бр.24-3521/4 од 2.6.2015 година, со Предлог-одлуки, не ја усвои Информацијата и не ги донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за транспорт и трговија Фивла транспорт ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Долно Лисиче“, општина Аеродром и Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за транспорт и трговија ФИВЛА ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Долно Лисиче 2“, општина Аеродром, имајќи го предвид негативното Мислење на Општина Аеродром.

## Точка 104

Владата го разгледа Барањето на Саимир Дхамо, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за финансии, утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 105

Владата го разгледа Барањето на Џино Гуацини, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за финансии, утврди позитивно мислење по Барањето.

## Точка 106

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ - Штип, во предложениот текст.

## Точка 107

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот студенски дом „Пелагонија“ - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 108

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот студенски дом „Никола Карев“ - Охрид, во предложениот текст.

**Точка 109**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот студентски дом „Н.Х Орде Чопела” - Прилеп (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 110**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ - Битола (најнов текст-усогласен со Секретаријатот за законодавство), во предложениот текст.

**Точка 111**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот студентски дом „Скопје” - Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 112**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (нов текст), во предложениот текст

**Точка 113**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 114**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми „Македонски шуми“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 115**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Медицинскиот симулациски центар - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 116**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа - Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 117**

Владата ја донесе Одлуката за давање на времено користење на недвижна ствар на Здружението на филигранисти на Македонија - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 118**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Националната установа Театар за деца и младинци - Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 119**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за ловството поднесен од пратениците Емил Димитриев, Нола Исмајловска Старова и Крсто Муковски и притоа го утврди следното мислење:

Согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2017 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изработи Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за ловството во насока на укинување на електронското полагање на ловечкиот испит, кој по завршување на соодветните постапки (ЕНЕР и други постапки согласно Деловник), ќе биде доставен на разгледување во Владата, а потоа и во Собранието на Република Македонија.

Во однос на доставениот Предлог-закон од страна на Собранието на Република Македонија, т.е. поднесен од пратениците Емил Димитриев, Нола Исмајловска Старова и Крсто Муковски, само членот 25 од Предлог-текстот се однесува на начинот на спроведување на ловечкиот испит и тоа како што е предложено, тоа да биде спроведено од страна на Ловечката федерација, без образложение за нејзините материјално-технички и човечки капацитети. Имајќи ја предвид сегашната ситуација во федерацијата, каде во постојан работен однос има вработено само едно лице за вршење на сметководствено-административни работи, додека сите структури на тоа тело (претседател, потпретседател итн) се избрани на собрание и немаат засновано постојан и платен работен однос и се ангажирани на волонтерска база, јасно е дека федерацијата нема капацитети за спроведување на ловечкиот испит во концептот за кој Владата согласно Предлог-законот (кој е во владина постапка) предвидува да го спроведе истиот.

Во однос на сите други предлози, Ве известуваме дека во 2018 година се предвидува активност за спроведување на инклузивен процес на консултации со стручната и целокупната јавност со цел изработка на нов закон за ловството, каде сите предлози ќе бидат разгледани, вклучувајќи ги и истовремено доставените, идентични текстови и од страна на Ловечката федерација на Република Македонија и од страна на Собранието на Република Македонија, предложени од група пратеници Емил Димитриев, Нола Исмајловска Старова и Крсто Муковски.

Имајќи го предвид горeизнесеното, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не го донесе Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за ловството поднесен од пратениците Емил Димитриев, Нола Исмајловска Старова и Крсто Муковски.

**Точка 120**

Владата ја разгледа Иницијативата од Дарко Јаневски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.151/17 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 43 став 1 во делот: „осум“ и „пократок“ и член 44 во делот „40“ од

Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15 и 53/16) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се поведува постапка за оценување на уставноста на член 43 став 1 во делот „осум" и „пократок" и член 44 во делот „40" од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15 и 53/16), според кои против решението на инспекторот може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението ако со закон не е предвиден пократок рок, односно инспекциските служби ги објавуваат инспекциските акти на нивната веб локација во рок од три дена од денот на донесувањето на актите од членот 40 на овој закон, согласно со прописите за заштита на личните податоци.
Согласно член 8 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, меѓу другото, е утврдено и владеењето на правото.

Согласно член 51 од Уставот на Република Македонија, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Согласно член 2 став 2 од Законот за општата управна постапка, со посебните закони одделни работи може да се уредат поинаку од овој закон, доколку не се во спротивност со основните начела и целта на овој закон и не ја намалуваат заштитата на правата и правните интереси на странките загарантирана со овој закон.

Согласно член 106 став 1 од Законот за општата управна постапка, странката може да изјави жалба против управниот акт во рок од 15 дена од денот на доставувањето, односно известувањето за управниот акт, освен ако со посебен закон не е определен подолг рок.

Од анализа на наведените уставни и законски одредби, произлегува дека член 43 став 1 во делот „осум" и „пократок" од Законот за инспекциски надзор е во согласност со Уставот и законите од причина што се работи за конкретизирање на рок во материјалниот закон, кој е посебен закон, согласно потребата и ефикасноста на самата постапка, а уставните и законските одредби тоа и го дозволуваат.

Во овој случај законодавецот се стремел за поефикасна постапка и заштеда на време на сите вклучени страни во постапката задоволувајќи ги потребите и барањата, како и можноста за добар исход на постапката.

Исто така, од анализата на наведените уставни и законски одредби, произлегува дека членот 44 во делот „40" од истиот закон, ја нема правната сила на важење на обврската која произлегувала од одредбата во која се повикува на членот кој е избришан, односно при првата наредна измена на Законот, ќе треба да се усогласи постоечката одредба во функција на номотехничко усогласување на одредбата со настанатата правна последица од бришењето на посочениот член.

Согласно горенаведеното, со оспорените одредби не се повредува начелото на владеење на правото и е во функција на доследно спроведување на Уставот, со што во конкретниот случај не станува збор за злоупотреба на правата на сите лица вклучени во процесот врзан за рок.

Имајќи го предвид претходно наведеното, оспорените член 43 став 1 во делот „осум" и „пократок" и член 44 во делот „40" од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15 и 53/16) се во согласност со член 8 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 43 став 1 во делот „осум" и „пократок" и член 44 во делот „40" од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15 и 53/16).

<u>**Точка 121**</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Оливер Давидовски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.152/2017 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 43 став 2 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата, Оливер Давидовски од Скопје смета дека одредбата содржана во член 43 став 2 од Законот за извршување не е во согласност со темелната вредност на уставниот поредок содржана во членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија владеење на правото, како и правната сигурност како елемент на оваа темелна вредност, сето ова во врска и со член 9 став 2 од Уставот на Република Македонија.

Според наводите во Иницијативата спорно е тоа што со одредбата од став 2 на член 43 од Законот за извршување се предвидува дека извршителот не одговара за причинетата штета, доколку незаконитоста или неисполнувањето на должностите не е утврдено во постапка по изјавен приговор по член 86 од Законот за извршување.

Наведено е дека од анализата на член 86 од Законот за извршување може да се заклучи дека со неа се регулира процесно правно средство - приговор против неправилности при извршувањето и дава можност доколку смета да се обрати до судот и во кратки законски рокови да се констатира постоењето или непостоењето на одредена незаконитост. Меѓутоа треба да се пропише во законот странката без исклучок да може да поднесе тужба до надлежниот суд во законски за тоа одредените рокови, доколку смета дека од страна на извршителот е причинета штета. Според подносителот во ниту еден случај користењето на процесен приговор од член 86 не смее да биде неопходен услов без кој оштетениот нема да може да поднесе тужба до редовниот суд за остварување на своето право за надомест на штета. Наведено е дека со оспорениот член однапред се исклучува општата одговорност на извршителот за причинета штета, доколку странката претходно не го искористила поднесувањето на приговорот, кој дотолку повеќе морал да биде усвоен.

Наведено е дека постапката која ја води судот по поднесен приговор, не подлежи на истите принципи, начела и правила на докажување кои важат во редовната парнична постапка за надомест на штета. Наведено е дека поднесувањето на приговор е право на странката со кое може да се служи во текот на извршувањето, но неговото користење во ниту еден случај не смее да претставува ограничувачки услов без кој странката или трето лице нема да смее да поведе редовна парнична постапка и да ја докажува одговорноста на извршителот. Наведено е дека сето тоа ја доведува во прашање правната сигурност на

странките, одземајќи им го правото да бараат утврдување на одговорност на извршителот во редовна граѓанска постапка, ако претходно не поднеле процесен приговор.

Наведено е дека користењето на процесен приговор мора да стои независно од правото на странката да може да поднесе тужба и да бара одговорност од извршителот.

Според наводите во Иницијативата на овој начин доколку поради било која причина странката пропуштила да го искористи правото на приговор, или пак истата не успеала приговорот да го стори основан, со оспорената одредба се создава правна претпоставка дека извршителот не одговара за причинетата штета, макар таа навистина да е сторена и истиот за неа да е несомнено одговорен, според правилата и принципите на редовната парична постапка. На овој начин извршителот се издигнува на поинакво рамниште и се става во привелегирана положба во однос на сите други лица, правни или физички кои може да се јават како субјекти во облигационо-правен однос настанат со причинување на штета. Наведено е дека овој ограничувачки услов не постоел претходно во Законот за извршување кој беше во примена се до 1.1.2017 година.

Имајќи ги предвид наводите на подносителот на Иницијативата, Владата на Република Македонија е на став дека истите треба да се ценат од аспект на спецификите на извршителите и јавните овластувања кои тие ги вршат и дека наводите на подносителот на Иницијативата се неосновани од следните причини:

Имено, извршителите се лица со јавни овластувања кои директно одлучуваат за извршните дејствија што треба да ги преземат во рамките на нивните овластувања со цел да се спроведе извршната исправа. Притоа со член 43 од Законот за извршување е уредена одговорноста на извршителот при преземање на извршните дејствија. Имено, со ставот 1 е уредено дека извршителот е одговорен за целата штета што ја причинил на странката или спрема трети лица, со незаконско спроведување на извршните дејствија и со неисполнување на должностите што ги има како извршител според овој закон. Според став 3, извршителот е одговорен за штетата која произлегла од извршување на поединечни дејствија што ги предизвикале лицата од член 42 од овој закон, а тоа се лицата кои по овластување на извршителот преземаат извршни десјтвија, како и лицата вработени од страна на извршителот за поединечни извршни дејствија. Ставот 5 уредува дека штетата се утврдува во парнична постапка, а ставот 4 дека осигурителното друштво има право на регрес од извршителот за надоместената штета само во случај кога штетата е причинета по вина на извршителот. Притоа извршителот мора да склучи договор за осигурување на најнискиот износ на осигурување кој изнесува најмалку 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на склучување на полисата за осигурување, за што согласно став 7 е должен до Комората да достави доказ за секој склучен договор за осигурување од одговорност од штета веднаш по склучување на истиот. Обврската за осигурување ја следи претседателот на Комората кој согласно став 8 во рок од 30 дена по истекот на полисата на осигурување го известува Министерството, за извршителот кој не ја обновил својата полиса за осигурување.

Понатаму, извршителот извршувањето го спроведува со преземање на извршни дејствија, издавајќи налози, заклучоци, записници. Странката која смета дека има незаконитост при преземањето на секое поеднично дејствие, или пак пропуштања на преземање на дејствија има право на приговор согласно член 86 од Законот, по кои што одлучува основниот суд најдоцна во рок од 144 часа по поднесувањето на приговорот.

По однос на одлуката на Основниот суд, согласно член 87 од Законот, странката има право на жалба до Апелациониот суд во рок од три дена по приемот на решението по приговорот. Примерок од жалбата се доставува до спротивната странка во постапката по приговорот, кој може во рок од три дена да поднесе одговор на жалба. По добивањето на одговорот на жалбата или по истекот на рокот за одговор, предметот веднаш, а најдоцна во рок од три дена ќе се достави до апелациониот суд, кој е должен во рок од пет дена да одлучи по жалбата.

Според тоа одлуката за секоја незаконитост во постапувањето, или пак непостапувања на извршителот, кое што можело да резулира со евентуална одредена штета ја носат судовите во Република Македонија, во постапка и рокови определени со закон.

Со оспорената одредба, на став 2 од член 43 од Законот за извршување целта е да се превенира странка која пропуштила да спори незаконитост на одредени извршни дејствија или пак непостапувања на извршителот, како и странка која го искористила правото на приговор и за кој што судот веќе оценил дека не претставува незаконитост односно пропуштење во извршувањето, во дополнителни рокови и постапка, по завршување на извршувањето, да се остава можност за преоценување на работата на извршителот по однос на конкретно извршно дејствие.

На тој начин би се создала правна несигурност за извршителите дека истите би можеле во било која неизвесна иднина да бидат тужени за некое нивно постапување кое завршило како предмет во нивните канцеларии во некој изминат период, или пак за кое што веќе постои одлука на суд дека не претставува незаконито постапување на извршителот кое предизвикало евентуална штета.

Токму затоа се ставени одредбите за кои што и самиот подносител на Иницијативата вели дека ги немало во претходното законско решение, а за кои изминатиот период покажа дека е неминовно да се стимулираат странките за искористување на сите правни средства кои им стојат на располагање, како и да се превенира невоедначеност на постапувањата на судовите, изигрување на законските норми од страна на одредени странки и слично, што беше констатирана слабост во изминатите 10-тина години.

Со вака пропишаната одредба се обезбедува поголема правна сигурност и извесност при присилното извршување, односно се води грижа за еднаквоста на странките во постапувањето и искористувањето на можноста за доверителот и должникот при остварувањето на правото на приговор против преземено извршно дејствие од извршител/ или пак пропуштање на одредено дејствие, за што одлучуваат судовите во Република Македонија.

Извршителот со оспорената одредба не се доведува во поинаква позиција и поставеност во однос на одговорност за штета, туку напротив во сосем извесна позиција дека не може судот за веќе еднаш одлучена работа да постапува поинаку, односно да се доведува во ситуација да одлучува за постапувања на извршител кои не биле оспорени од странките во текот на постапувањето.

Впрочем, задолжителноста на искористувањето на сите правни лекови во текот на постапката како услов за друга постапка пред други инстанци, е предуслов кој го утврдува и член 35 на Европската Конвенција за човекови права и основни слободи, во однос на допуштеноста на апликациите пред Европскиот суд. Бројната пракса на Европскиот суд за

човекови права во однос на допуштеноста сосем јасно утврдува дека: „Апликантите мора да ги почитуваат применливите правила и процедури од домашното законодавство, и доколку истите не ги искористат сосем е извесно дека нивната апликација ќе биде оценета дека не ги исполнила условите од член 35 од Конвенцијата (Ben Salah Adraqui and Dhaime v. Spain (dec. A.45023/98); Merger and Cros v. France (dec. A.68864/01); MPP Golub v. Ukraine (dec.A.6778/05); Agbovi v. Germany (dec. A 71759/01). Не е постапено во склад со член 35 став 1 ниту кога жалбата не била процесуирана поради процедурална грешка од страна на апликантот (Gäfgen v. Germany [GC Judgment A. 22978/05], § 143).

Сето изнесено понапред укажува на тоа дека одредбата на член 43 став 2 од Законот за извршување гарантира правна сигурност и извесност на постапките во склад со член 8 став 1 алинеја 3 и член 9 став 2 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 43 став 2 од Законот за извршување.

## Точка 122

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 116 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“, бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016 и 132/2016), поднесена од Здравко Тумбовски од Радовиш и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека поведува постапка за оценување на уставноста на член 116 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, бидејќи наведената одредба е спротивна на член 8 став 6 и член 51 став 1 од Уставот на Република Македонија.

Како образложение на Иницијативата се наведува дека издвоените средства од пензијата за членарина, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ги префрла на регистрирана организација составена од сојузите на здруженија на пензионерите, без притоа да се наведе за која цел ќе се користат тие средства и кој овластен орган ќе одлучува за оваа задршка од пензијата. Според подносителот на Иницијативата со оспорените законски одредби присилно се одзема дел од пензијата на корисниците на пензија.

Во Иницијативата исто така е наведено дека Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија не работи во согласност со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, односно спротивно на член 116 став 3, односно не се почитува законската обврска да се објавуваат одлуките на почетокот на годината. Имено до сега се објавени 2 (две) одлуки од кои првата има ретроактивна примена што е спротивно со член 52 од Уставот на Република Македонија.

Согласно член 8 став 1 точка 8 од Уставот на Република Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се меѓудругите и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Согласно член 51 од Уставот на Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот на Република Македонија, а сите други прописи со Уставот на Република Македонија и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот на Република Македонија и законите.

Согласно член 52 став 4 од Уставот на Република Македонија, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Согласно член 116 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија", бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016 и 132/2016), е уреден начинот за издвојување на средства за посмртна помош и членарина, како и определување на висината за задршката за посмртната помош и членарина и висината на исплатата на посмртната помош. Имено, со ставот (1) на овој член се уредува дека издвојувањето на посмртната помош и членарината се врши од пензијата на корисникот на пензијата, месечно при исплата на пензијата, освен од семејна пензија на дете остварена по основ на школување. Со ставот (2) на истиот член е уредено дека висината на задршката за посмртна помош и членарина, висината на исплатата за посмртната помош во зависност од акумулираните средства и смртноста на корисниците на пензија, начинот на распределба на членарината, начинот и постапката за исплата на посмртната помош на корисниците на пензија од средствата на солидарниот фонд во единствен износ за сите корисници на пензија, распределба како и начинот на располагање со слободните, а не искористени средства од посмртна помош, со акт ги утврдува регистрирана организација на сојузите на здруженијата на пензионерите на Македонија.

Во однос на распределбата на средствата по основ на членарина со ставот (4) од член 116 е утврдено дека Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ги дозначува на сметка што ја определува регистрирана организација составена од сојузите на здруженијата на пензионерите.

Во член 115 став (1) е уредено дека на корисник на пензија, со негова согласност, му се запира дел од пензијата за обезбедување на средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во здружение на пензионери (членарина).
Со оглед на тоа дека станува збор за сервисирање на задршка на дел од пензијата по основ солидарен фонд и посмртна помош и членарина, во Законот за пензиското и инвалидското осигурување со одредбите на членовите 115 и 116 е воспоставена правна рамка за запирање дел од пензијата за обезбедување на средства потребни за исплата на посмртна помош и за членување во здружение на пензионери (членарина).

Имено, задршка на дел од пензијата по основ на членарина се врши по дадена согласност на корисникот на пензија. Во таа смисла со членот 115 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување е уредено прашањето за начинот и условите за давањето на согласност на корисникот на пензијата за задршка на дел од пензијата за членарина, бидејќи задршката на дел од пензијата по основ на членарина и посмртна помош се врши на доброволна основа и во еднаков износ на корисниците на пензија. Имено, согласно член 34 од Уставот на Република Македонија, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдено со закон и колективен договор. Оттука, поаѓајќи од

волјата на корисниците на пензија кои доброволно и со нивна волја одлучиле да издвојуваат средства за исплата на посмртна помош и за членување во здружение на пензионери (членарина), со споменатите законски одредби се уредува начинот на издвојување на средствата и дознаката на членарината на сметка што ја определува регистрирана организација составена од сојузите на здруженијата на пензионерите.

Ова дотолку повеќе што Уставниот суд на Република Македонија веќе донел Решение У.бр 15/2013 од 25.9.2013 година со кое не се поведува постапка за оценување на уставноста на членовите 115, 116 и 117 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорените одредби од член 116 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“, бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016 и 132/2016) се во согласност со Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 116 од наведениот закон.

## Точка 123

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Асоцијацијата на кабелски оператори АКО-СИЗ - Скопје и Стопанската интересна заедница на оператори на кабелска мрежа МК НЕТ - Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.143/2017 за поведување постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15 и 39/16) и притоа го утврди следново мислење:

Според Иницијативата се предлага поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1, член 2, член 4 став (1) алинеи 2, 6 и 7, член 7, член 9, член 11 став (1) и став (2) алинеи 4 и 6 и став (3), член 12 ставови (1) и (2) од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија “ бр. 82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15 и 39/16), бидејќи оспорените законски одредби се во спротивност со членовите 8, 9, 30, 33, 47 став 2, 51 и 55 од Уставот на Република Македонија.
Со Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15 и 39/16) се уредуваат вршењето на филмската дејност, основањето, работата, раководењето, управувањето, финансирањето, надзорот над работата и други прашања поврзани со работата на Агенцијата за филм на Република Македонија (член 1).

Со членот 2 од Законот е определено дека развојот, производството, промоцијата, дистрибуцијата и јавното прикажување на филмови се од јавен интерес за Република Македонија (во натамошниот текст: филмската дејност).

Според член 3 став 1 од Законот, Република Македонија го поттикнува и го помага развојот на филмската дејност, особено преку: поддршка на развојот на филмската дејност, континуирана поддршка на производството на домашни филмови и поддршка на проекти од национален интерес во филмската дејност, создавање на поволни услови за развој на филмската инфраструктура, стимулативна фискална политика во областа на филмската дејност, стипендирање на дефицитарни кадри во областа на филмската дејност и

организирана презентација на домашното филмско творештво на врвни меѓународни фестивали и манифестации.
Во останатите одредби од Законот, кои претставуваат целина на Законот се содржани одредби со кои се доуредува финансирањето на националниот интерес во филмската дејност.

Дополнително, филмската дејност, како дејност од областа на културата е регулирана и со Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), како системски закон од областа на културата.
Имено, согласно член 48 од Законот за културата, филмската дејност е систематизирана во дејностите за објавување на културата.

Во членот 52 од Законот за културата, филмска дејност, согласно со овој закон, е дејност за продукција на аудиовизуелно дело, како уметничко дело изразено во вид на поврзани подвижни слики, со или без тон, без оглед на видот на носачот што ги содржи (во натамошниот текст: филм).

Оттука, произлегува дека и во Законот за филмската дејност и во Законот за културата е содржана дефиниција на поимот „филмска дејност“, а со целината на одредбите на Законот за филмската дејност е уредено вршењето на филмската дејност во Република Македонија, а не како што е наведено во Иницијативата дека членот 1 од Законот не е во согласност со Уставот на Република Македонија, во услови кога во Законот не е дадена дефиниција што значи филмска дејност, кој ја врши, начинот на кој се остварува филмската дејност во Република Македонија и учесниците во создавањето и искористувањето на филмската дејност.

Со член 4 од Законот за филмската дејност е определено дека национален интерес во филмската дејност во согласност со овој закон претставува: континуирана поддршка на производството на домашни филмови и поддршка на производство на други аудиовизуелни дела, поттикнување на создавање на домашни сценарија, поттикнување на меѓународни филмски копродукции со странски продуценти согласно со ратификуваните меѓународни договори за оваа област, меѓународна промоција на филмското творештво преку учество на филмски фестивали и манифестации, поддршка на домашни фестивали од меѓународно значење, поддршка на развојот на кината во Република Македонија, поддршка на дистрибуцијата на филмови во Република Македонија и во странство, стручно и професионално усовршување кадри во областа на филмот, поттикнување на едукативни и образовни програми преку кои се унапредува филмската култура, заштита на публиката, особено на малолетната публика преку категоризација на филмовите што се дистрибуираат и јавно прикажуваат во Република Македонија, поддршка на членувањето на Република Македонија во меѓународни филмски организации и асоцијации и поддршка на издавање на книги и публикации за филмската дејност.

Во членот 4 алинеја 5 од Законот за филмската дејност е регулирано дека национален интерес во филмската дејност е поддршката на домашни фестивали од меѓународно значење, а не како што е наведено во Иницијативата дека од одредбите на Законот не е јасно дали станува збор за промоција и дистрибуција на домашни или странски филмови и дека оваа недореченост ја користат директорите на Агенцијата за филм па средствата ги доделуваат на странски фестивали организирани на територијата на Република Македонија на кои исклучиво се промовираат филмови создадени во други земји.

Со членот 7 од Законот за филмската дејност се регулира дека заради поддршка, поттикнување и равој на филмската дејност, финансирање проекти од национален интерес за Република Македонија во филмската дејност, како и заради поддршка, презентирање и грижа за филмското творештво во Република Македонија се основа Агенција за филм на Република Македонија.

Согласно член 9 од Законот за филмската дејност, Агенцијата има својство на правно лице и е самостојна во својата работа. Агенцијата има Статут со кој се уредуваат знакот и името на Агенцијата, скратеното име, името за употреба во странство, седиштето, предметот и начинот на вршење на дејноста, организацијата на Агенцијата и други прашања од значење за работата на Агенцијата утврдени со овој закон. Владата на Република Македонија дава согласност на статутот. Агенцијата за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија.

Агенцијата за филм на Република Македонија е основана од Владата на Република Македонија како посебно правно лице согласно Законот за филмската дејност. Со Агенцијата раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија. Со Агенцијата управува Управен одбор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

На основањето, раководењето, управувањето и финансирањето на Агенцијата за филм на Република Македонија се применуваат одредбите од Законот за филмската дејност.

На основањето, работата, раководењето, управувањето, одлучувањето и финансирањето на националната установа се применуваат одредбите од Законот за културата.

Оттука, Законот јасно и недвосмислено регулира дека Агенцијата за филм на Република Македонија е посебно правно лице со статус на Агенција, а не како што е наведено во Иницијативата дека Агенцијата за филм на Република Македонија наместо како агенција е формирана како национална установа од областа на културата.

Со членот 11 став 2 алинеи 4 и 6 од Законот се регулира дека Агенцијата стекнува средства и од:
- надоместоци на правни лица утврдени во овој закон,
- приходи од управување со слободните парични средства на Агенцијата.

Со членот 11 став 3 од Законот е уредено дека доколку со работата на Агенцијата се остваруваат поголеми приходи од расходите, тие ќе се користат само за работите од членовите 4 и 10 од овој закон за кои е основана Агенцијата.

Одредбите за стекнување на средствата за работа на Агенцијата се во согласност со Уставот на Република Македонија и со прописите за буџетското работење.

Законскиот основ Агенцијата да може износот на средства кои преставуваат разлика меѓу приходите и расходите да ги користи за поддршка на активности од национален интерес за културата е во согласност со правилата за непрофитно работење на буџетските институции.

Во членот 12 став 1 алинеите 1 до 7 од Законот, се определени правните лица од кои се наплатува надоместок за работа на Агенцијата и основите за определување на

надоместоците и тоа: телевизиските програмски сервиси на национално, регионално и локално ниво (алинеите 1, 2 и 3), операторите на јавните електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси на радиодифузерите (алинеја 4), правните лица кои обезбедуваат пристап до интернет (алинеја 5), правни лица кои вршат дејност кинoприкажување на филмови (алинеја 6), правни лица кои вршат дејност дистрибуција, изнајмување или продажба на филмови (алинеја 7).

Во кругот на субјекти кои учествуваат во финансирање на работата Агенцијата за филм на Република Македонија, се опфатени правни лица (алинеите 1 до 7), кои имаат учество во искористувањето на филмот, имајќи ја предвид дејноста која ја вршат.

Согласно член 30 став (3) од Уставот на Република Македонија, произлегува дека сопственоста не може да се одземе или ограничи, освен ако за тоа постои јавен интерес кој задолжително се утврдува со закон.

Оттука, законодавецот со член 2 од Законот за филмската дејност уредил дека развојот, производството, промоцијата, дистрибуцијата и јавното прикажување се од јавен интерес за Република Македонија(во натамошниот текст: филмска дејност), а со член 4 од Законот е уредено и што претставува националниот интерес во филмската дејност.

Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.

Според член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 30 став (2) од Уставот, сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата, а според став 3 од наведениот член од Уставот никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.

Според член 33 од Уставот секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Согласно член 47 став (1) од Уставот на Република Македонија, се гарантира слободата на научното, уметничкото и другите видови на творештво. Согласно член 47 став (2) од Уставот се гарантираат правата што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид на интелектуално творештво. Републиката го поттикнува, помага и штити развојот на културата, уметноста и науката (член 47 став 3).

Според член 51 од Уставот во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Со членот 55 од Уставот, се гарантира слободата на пазарот и претприемаштвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемаштвото можат да се ограничат со закон единствено зарди

одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Оттука, во согласност со Уставот на Република Македонија, е со закон за одредени субјекти да се воведе определен надоместок, односно одделен вид на јавна давачка, со закон да се утврди нивната основица и да се утврдат другите неопходни елементи, водејќи сметка за уставното начело на еднаквост на субјектите од аспект на нивната правна положба на пазарот при востановувањето на ист вид јавна давачка.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Иницијативата за оценување на уставноста на член 1, член 2, член 4 став (1) алинеи 2, 6 и 7, член 7, член 9, член 11 став (1) и став (2) алинеи 4 и 6 и став (3) и член 12 ставови (1) и (2) од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија " бр.82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15 и 39/16) е неоснована, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на наведените законски одредби, со оглед дека истите се во согласност со Уставот на Република Македонија.

**<u>Точка 124</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Панче Смилев од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста на член 67 став 2 и член 70 став 2 од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија" бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15) и притоа го утврди следново мислење:

Со доставената Иницијатива подносителот на истата предлага поведување на постапка за оценување на уставноста на член 67 став 2 и член 70 став 2 од Законот за семејството т.е. бара укинување или поништување.

Во предложената Иницијатива е наведено дека со оспорените одредби се ограничуваат граѓаните да го оспоруваат татковството, односно мајчинство по навршување на одредена возраст со што се повредува правото на еднаквост на граѓаните (член 9 од Уставот на Република Македонија) и основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот и владеењето на правото како темелни вредности на уставниот поредок (член 8 став 1 и алинеја 3 од Уставот).

Причината поради која се оспоруваат овие одредби е дека ограничувањето на оспорувањето на татковството и мајчинството до 21 година не е оправдано од аспект на тоа дека лицата постари од 21 година се одвојуваат од другите граѓани кои не ја навршиле оваа возраст и истите се лишуваат од правото да го оспорат татковството или мајчинството.

Исто така, подносителот на Иницијативата смета дека оспорените одредби не се во согласност со начелото на еднаквост и рамноправност бидејќи детето е ограничено да го оствари наведеното право до 21 годишна возраст, а додека родителите го имаат тоа право во текот на целиот живот.

Во член 8 став 1 алинеја 3 и алинеја 8 од Уставот на Република Македонија е утврдено дека темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија меѓу другите се владеењето на правото и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Во член 9 од Уставот пак е утврдено дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 40 од Уставот, Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството. Правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон. Родителите имаат право и должност да се грижат за издржување и воспитување на децата. Децата се должни да се грижат за старите и изнемоштени родители.

Во член 51 од Уставот е утврдено дека во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и законот. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Согласно член 54 од Уставот, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот. Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба. Ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, забраната за мачење, на нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповеста.

Овие уставни определби се имплементирани во политиките за заштита на децата и малолетните лица, а во насока на обезбедување на нивниот најдобар интерес. При тоа, како главен приоритет се наметнува потребата од остварување на заштитата на правата на децата од аспект на регулирање на правата и обврските на граѓаните.

Согласно член 67 став 2 од Законот за семејството, тужбата за оспорување на татковство детето може да ја поднесе најдоцна до наврвшување на 21 година од животот.

Согласно член 70 став 2 од истиот закон, тужбата за оспорување на мајчинство детето може да ја поднесе најдоцна до наврвшување на 21 година од животот.

Имајќи ги предвид цитираните уставни одредби, Законот за семејството во однос на постапката за оспорување на мајчинство и татковство, како странки во постапката ги утврдува мајката, таткото и детето и ги дефинира нивните права во однос на роковите за поведување на постапка за оспорување на татковство и мајчинство.

При тоа, се има предвид и потреба за заштита на правата и интересите на секоја страна посебно. Во однос на правото на детето да покрене постапка се смета дека по полнолетството, а до завршување на 21 годишна возраст, достигнува зрелост во однос на носење на одлука за утврдување на неговиот личен статус и воедначување на фактичката и правната состојба по однос на утврдување на неговите родители.

Имено, во оспорените одредби од Законот за семејството јасно е потенцирано дека станува збор за поднесување на тужба од страна на дете, ова од причина што законодавецот се

стремел и се насочил токму на заштита на детето ставајќи определена граница на години, се со цел да се зачува односот на родител - дете, вклучувајќи ја и зрелоста на детето за расудување и донесување на одлука која треба да се процесира во понатамошниот живот на самото дете.
Во оваа насока, паралелно течат роковите во постапката за оспорување на мајчинство и татковство поединечно за сите странки. Ваквото законско решение обезбедува можност за оспорување на татковство и мајчинство, при што законодавецот се водел од причината што сметал дека мајката и таткото во основа се странки кои треба да ја иницираат постапката, а воедно дал таква можност и на детето, при што неговото право го ограничил до 21 годишна возраст. Постапката може да се иницира и спроведе по тужба на детето само доколку како процесни странки се јават таткото и мајката. Ова од причина што таткото и мајката располагаат со сознанија и факти за раѓањето на детето поради што законодавецот им утврдил подолг рок за иницирање на постапка за оспорување на мајчинство и татковство.

Врз основа на претходно наведените правни аргументи, се смета дека оспорените одредби од член 67 став 2 и член 70 став 2 од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија“ бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15) се во согласност со членот 8 став 1 и член 9 од Уставот на Република Македонија поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја отфрли Иницијативата како неоснована.

## Точка 125

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Решението на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.135/2016 донесено на седницата одржана на 16 ноември 2017 година, за поведување постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2016 и 142/2016).

## Точка 126

Владата ја разгледа Понудата од нотар Олга Димовска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 67288 за КО Маџари на КП бр. 1051 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 127

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Паунова за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1653 за КО Инџиково на КП бр. 356/5 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 128

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Јадранка Коцевска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.569 за КО Амзабегово на КП бр.905, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје да достави мислење по Понудата.

**Точка 129**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Тахири за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2285 за КО Инџиково на КП бр. 107 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 130**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93849 за КО Чаир на КП бр.1190, Имотен лист бр. 93975 за КО Чаир на КП 1187 и Имотен лист бр.15037 за КО Чаир на КП 1193 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 131**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Искра Кировска од Штип продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.5050 за КО Штип 3 на КП бр.5550, и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 132**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љиљана Трповска од Тетово продажба на сосопственички дел од недвижен имот со Имотен лист бр.101316 за КО Тетово- 3 на КП бр.13676, и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 133**

Владата ја одложи од разгледување Понудата од Нотар Олга Димовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.29132 за КО Карпош на КП бр.1568, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика, поради потребата АД за стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката да достави мислење по материјалот.

**Точка 134**

Владата ја разгледа Табелата со материјали за кои е побарано мислење и кои не се процесирани во владина постапка поради докомплетирање и заклучи Генералниот секретаријат на Владата, околу средината на февруари 2018 година повторно да ја информира Владата за прогресот на активностите во врска со ова прашање.

Истовремено, се задолжуваат сите министри да дадат директни задолженија на државните секретари/шефови на кабинети, за проверување и произнесување по материјалите за кои не се доставени мислења.

**Точка 135**

1. Владата го разреши Александар Донев од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (поради несовесно и невнимателно работење).

2. Владата ја именува Вангелија Велева, досегашен вршител на должноста директор на Педагошката служба орган во состав на Министерството за образование и наука за вршител на должноста директор на Педагошката служба орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата ја именува Елеонора Петрова, досегашен вршител на должноста директор на Управата за заштита на културното наследство орган во состав на Министерството за култура за вршител на должноста директор на Управата за заштита на културното наследство орган во состав на Министерството за култура и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го именува Горјан Тозија, досегашен вршител на должноста директор на Агенцијата за филм на Република Македонија за вршител на должноста директор на Агенцијата за филм на Република Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го именува Менфи Илјази, досегашен вршител на должноста директор на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија, орган во состав на Министерството за култура, за вршител на должноста директор на Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во Република Македонија, орган во состав на Министерството за култура и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, ги разреши:

- Елена Кекенова
- Ванчо Гроздановски
- Гоце Цветковски
- Имерали Бахтијари и
- Александар Ивчевски.

6.1. Владата за членови на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, ги именува:

- Јумни Адеми
- Иван Ајтарски
- Селајдин Идризи
- Драган Дамјановски и
- Розита Талевска Христовска.

## Точка 136

1. По повод укажувањето на д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и потребата за изменување и дополнување на заклучоци од Информацијата за процесот на програмирање на средствата од ИПА 2 (2018 и 2019), разгледана на 50-та седница на Владата на Република Македонија одржана на 23.1.2018 година, во делот „Пред преминување на Дневен ред“, Владата заклучи:

- Заклучокот број 1 се менува и гласи:

„1. Се задолжуваат сите институции кои се корисници на средства од ИПА 2018 за потсекторот Управување со јавни финансии (Министерството за финансии, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Државниот завод за ревизија, Бирото за јавни набавки, Државната комисија за жалби по јавни набавки), да го обезбедат потребниот износ за национално кофинансирање на Акцискиот документ за управување со јавни финансии, во рамките на своите буџети за соодветните фискални години.“

- Заклучокот број 2 се менува и гласи: ,

„2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, да ги презентира Акциските документи од ИПА 2018 пред граѓанското општество и донаторската заедница, најдоцна до 15 февруари 2018 година.“

- По заклучокот број 6 се додава нов заклучок број 7 кој гласи:

„7. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да достави до Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика информација со објаснување на главните карактеристики/насоки и услови за користење на модалитетот Секторска буџетска поддршка, најдоцна до 1.2.2018 година.“

2. Владата го разгледа како материјал за информирање Известувањето на Министерството за економија за неможноста за реализација на Заклучокот бр.26 од Извадокот од Нацрт-записникот од 40-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 28.11.2017 година, Точка 39 (изменет на 45-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 23.12.2017 година), со кој се задолжува Министерството за економија, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за труд и социјална политика да биде носител на активноста, за спроведување на мерката за замена на стара печка на дрва за нова, за социјално загрозените граѓани и да изнајде решение за целосно покривање на трошоците за набавка на истите.

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето на Министерството за финансии, во однос на детално прецизирање (унифицирање) на исполнетоста на условите за прием во државјанство на Република Македонија (посебно во делот што значи „прифатливо за реализација од најмалку 400.000 евра“ и во делот на останатите критериуми, како што се работни места, придонеси од работни места и друго), доставено врз основа на Заклучокот од Точка 19, од 48-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 9.1.2018 година.

4. Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев ги информираше членовите на Владата дека до 2.2.2018 година (петок) ќе го формира Советот за

имплементација на Стратегијата за реформи во правосудството за период 2017 - 2022, кој би броел околу 14 членови (министер за правда, претседател на Врховен суд, Јавен обвинител на Република Македонија, Специјален јавен обвинител, претседател на Управен суд, Народен правобранител на Република Македонија, претседателите на основните судови Скопје 1 и Скопје 2, претседател на некој од апелационите судови, претставник од Адвокатската комора на Република Македонија, претседателот на Здружението на судиите на Република Македонија, домашен и странски експерт од оваа област и други) и согласно ова членовите на Владата, најдоцна до 1.2.2018 година (четврток), доколку оценат за потребно да дадат свои предлози или сугестии за членови во Советот.

5. Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за определување на име на автопатот А1 од граничниот премин Табановце до граничниот премин Богородица (Коридор X), за наредната седница на Владата.
6. Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за менување на називот на Аеродромот во Скопје, за наредната седница на Владата.

7. Владата го донесе Решението за формирање Национален совет за ИКТ, со заклучок во членот 2, да се дополни и министерот за локална самоуправа за член во овој совет.

8. Владата заклучи да се задолжат сите органи на државната управа со допис да ја информираат Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, за возилата со кои располагаат, а не се во возна состојба и се неупотребливи, за потоа, согласно добиените информаци, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија да донесе одлука за начин и вид на отуѓување на овие ствари.

9. Владата го задолжи Министерството за економија да подготви и до Владата да достави информација со досегашните недостатоци кои произлегуваат од реализацијата на Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи (во смисла на препродавање на ваучерите, прикажување на неостварени престои во угостителските објекти и др.), со Предлог-мерки за отстранување на истите.

10. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 22.1.2018 година до 28.1.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

## <u>Точка 137</u>

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП ХС „Злетовица“ - Пробиштип, за периодот од 1.4.2017 година до 30.6.2017 година, со дополнувањата кон него, како материјал за информирање.

## <u>Точка 138</u>

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП ХС „Злетовица“ - Пробиштип, за периодот од 1.7.2017 година до 30.9.2017 година, со дополнувањата кон него, како материјал за информирање.

**Точка 139**

Владата го разгледа Годишниот план за 2018 година за работа на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост, со дополнување кон материјалот, како материјал за информирање.

**Точка 140**

Владата го разгледа новиот текст на Финансискиот план на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост за 2018 година, со образложение и дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 141**

Владата ја разгледа Годишната инвестициона програма на АД „Македонска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост за 2018 година, со образложение и дополнување, како материјал за информирање.

**Точка 142**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер-Сметка на основен буџет (637), како материјал за информирање.

**Точка 143**

Владата го одложи разгледувањето на Годишната програма за работа на Институтот за стандардизација на Република Македонија за 2018 година, за некоја од наредните седници на Владата.

**Точка 144**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа на Државен девизен инспекторат за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 145**

Владата ја разгледа Годишната програма со Финансиски план за користење на средства за 2018 година кои произлегуваат од Буџетот на Република Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 146**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Финансиски план на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година, донесен од Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје бр. 02-314/4-2 од 5.1.2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата му укажува на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, во рок од 45 дена да достави до Владата информација за cash-flow за 2018 година, извештај за точка 4 и 5 од расходите (отпишување на побарувања по извршни решенија за станарина и закупнина и други материјални трошоци), како настанале истите и да приложи листа на физички и правни лица кои ја предизвикале оваа состојба, како и за структурата и потребата на 40-те нови вработувања.

Исто така, се укажува на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, да го преиспита делот за зголемувањето на тековното одржување во оваа буџетска година, односно зголемувањето да биде по подобрувањето на ликвидност на Претпријатието.

**Точка 147**

Владата ја разгледа Анализата за состојбата на дрвната маса која се користи за огрев од домаќинствата во Република Македонија, во однос на процентот на влажност, како материјал за информирање.

**Точка 148**

Владата го разгледа Планот за постепено постигнување на стандардот од 20% влажност на дрвната маса која се користи за огрев од домаќинствата во Република Македонија, како материјал за информирање и притоа го задолжи ЈП за стопанисување со државните шуми Македонски шуми - Скопје, со цел намалување на влажноста на дрвната маса, да ја прилагоди динамиката на сеча на дрвната маса и истата да се сече порано.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за економија до ЈП за стопанисување со државните шуми Македонски шуми - Скопје да ја достави Анализата за подобрување на согорувањето на дрвата во домаќинствата.

**Точка 149**

Владата ја разгледа Информацијата со нов текст на Финансиски план (Програма за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје за 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје планираните расходи за 2018 година (од ставка 58 до 63 и од ставка 67 до 77) условно да ги реализира доколку се реализираат планираните приходи за 2018 година (ставката бр. 13 - брендирање).

**Точка 150**

Владата ја разгледа Информацијата за вкупен одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот за октомври 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 151**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам поврзани со целите на Планот 3-6-9, како материјал за информирање.

**Точка 152**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализација на активностите (постапување по исходите) кои произлегуваат од Акцискиот план за вработување на млади лица 2016-2020 година (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 153**

Владата ја разгледа Годишниот финансиски план на расходи по квартали за 2018 година, Кварталниот финансиски план на расходи по месеци за квартал М1/М3 за 2018 година и Годишната програма за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на Агенцијата за остварување на правата на заедниците сите предвидени активности да ги реализира во рамките на одобрениот буџет на Агенцијата за 2018 година.

**Точка 154**

Владата го одложи разгледувањето на Програмата за работа на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за 2018 година (нов текст), за наредната седница на Владата, со заклучок предлагачот да обезбеди и во прилог на материјалот да достави мислење од Министерството за култура.

**Точка 155**

Владата ја разгледа Информацијата за извршените контроли кај приредувачите на игри на среќа - спортски обложувалници во смисла на издавање на фискални сметки и поседување на лиценци, за период од 1.7.2017-30.9.2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Управата за јавни приходи до Владата во иднина повеќе да не доставува ваков вид на информации на разгледување.

**Точка 156**

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на функционирање на порталот „Портал - пресуди од даночни и царински спорови“ со статистички податоци за бројот на објавени одлуки и посетеност на истиот, како материјал за информирање.

**Точка 157**

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост и реализација на Програмата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост (нов текст), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Комисијата за именување на Владата да достави предлог за именување на членови во Комисијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост.

**Точка 158**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес за реализација на проектот „Консолидација на земјоделското земјиште" за четвртиот квартал од 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 159**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес за реализација на проектот „Решавање на проблемот со недовршените постапки на арондација од минатото", како материјал за информирање.

**Точка 160**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите во врска со отворањето на заедничкиот нов граничен премин наменет за меѓународен патен сообраќај меѓу Република Македонија и Република Косово „Белановце - Станчиќ", како материјал за информирање

**Точка 161**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на имплементација на проектот „Еден клик" (за периодот септември- декември 2017 година), како материјал за информирање

**Точка 162**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активности во врска со проектот „Творечки субвенции" (за период јуни-декември 2017 година), како материјал за информирање

**Точка 163**

Владата ја разгледа Информацијата за користењето на лабораториите од страна на стопанството, како материјал за информирање.

**Точка 164**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „Развој на центри за рехабилитациона медицина", како материјал за информирање.

**Точка 165**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за изградба на центар за деца со аутизам во Скопје, за наредната седница на Владата.

**Точка 166**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за изготвени извештаи за примената на ратификуваните конвенции на Меѓународната организација на трудот, со прилог извештаи.

**Точка 167**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Информацијата со Предлог-одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, за изработка на геодетски елаборат за специјална намена - ажурирана геодетска подлога за урбанистичко проектна документација, проект за инфраструктура за измена и дополна на проект за инфраструктура за автопатско решение на делницата од европски коридор 10: Демир Капија - Смоквица, како дел од магистралниот пат М-1 (Е-75) од км 0+000 да км 28+180.

**Точка 168**

Владата ја разгледа Информацијата за TESTA - ng мрежата на Европската комисија и последици од исклучување на Република Македонија од „Tachonet" апликацијата и TESTA - ng мрежата, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

- се задолжува Министерството за информатичко општство и администација да го потпише Меморандумот за разбирање од страна на Република Македонија со Европската комисија, за поврзување на Република Македонија со Testa-ng мрежата и користење на „Tachonet" апликацијата во рамките на Testa-ng мрежата.

**Точка 169**

Владата ја донесе Програмата за користење на средства за изградба на спомен - обележјето Плоштад Скендербег во Скопје, за 2018 година (нов текст, усогласен со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 170**

Владата ја разгледа Информацијата за содржината на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2018 година, со Предлог-одлука и нов текст на Програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за култура да одржи состанок со надлежни претставници од Град Скопје, Општина Центар, а по потреба и други институции со цел заземање на заеднички став во врска со активноста под реден број осум од Програмата „Изведување градежни работи за изведба на објект со скулптурна композиција во Скопје" (споменикот на „Мајка Тереза") и надминување на ова прашање.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 18:10 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Зоран Заев**